20228

pres-kliping • press-clipping

1952 — 1972

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista

Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
20. IV. 1972

## • ШТО Е ТОА КИЧ?

Во почетокот на мај, Работничкиот универзитет во своите простории, во стручна соработка со Музејот на современата уметност, ќе отвори изложба под наслов „Што е тоа кич?. Оваа интересна постановка, прва од ваков вид во нашата Република, ќе биде составена од „експонати" што најмногу се среќаваат во секојдневниот живот — „репродукции" од излозите на стаклорезачките работилници, примероци од продавниците на сувенири и слично. Покрај секој од тие „бисери", според замислата на организаторот на изложбата, ќе треба да биде поставен интенционо одбран уметнички предмет.

Изложбата, што подоцна ќе биде приспособена за прикажување во дваесетина работни колективи со пропратни предавања, е дел од неодамна покренатата Работничка културна акција.